# NEED FOR CONTEMPORARY APPROACHES TO THE DETECTION, PROOF AND PREVENTION OF THE CRIME OF RAPE

**Simona Dzhukleska, LL.M**
sdzukleska@gmail.com
**Goce Dzhukleski, Ph.D**
National Coordination Centre for Border Management of RM, goce_dzukleski@moi.gov.mk

**Abstract:** Criminality has always been a subject of interest in the scientific and general public for the purpose of studying and acquiring new knowledge, in order to achieve the extent of safety and security in all spheres of human life. But, the public is particularly concerned about the dangerous and violent crime, which lately has been in substantial global growth and instills fear and insecurity among the people because of everyday cruel murder, robbery, rape, etc., where innocent people suffer more and more. The perpetrators of such dangerous crimes are, on the highest percentage, persons with psychopathic behavioral disturbances. This disorder is now diagnosed as anti-social personality disorder, which is basically a violation of social and legal norms, and their permanent primary characteristic of interpersonal interaction is victimization of others. The successful detection and prevention to spread this kind of destruction was our main motive, primarily by building a criminal policy on a scientific basis. This criminal policy is a special strategy for fighting against the crime, because the criminogenic factors that condition its appearance in various areas of life act with varying intensity, and dealing with them and their removal always requires a specific approach, depending on those relationships. It can be concluded that in our country there are theoretical and practical justifications to perform research on this problem. The main purpose of this paper is to see the situation and to find contemporary approaches to initiate appropriate measures and actions for detecting, proving and preventing these offenses.
**Keywords:** crime, rape, police officers.

# ПОТРЕБА ОД ПОСОВРЕМЕНИ ПРИОДИ КОН ОТКРИВАЊЕ, ДОКАЖУВАЊЕ И ПРЕВЕНИРАЊЕ НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО СИЛУВАЊЕ

**М-р Симона Цуклеска**
sdzukleska@gmail.com
**Проф. д-р Гоце Цуклески**
Национален координативен центар за гранично управување на РМ, goce_dzukleski@moi.gov.mk

**Резиме:** Криминалитетот отсекогаш бил предмет на интерес кај научната и кај пошироката јавност заради негово проучување и за добивање нови сознанија, а со цел да се постигне степен на безбедност и сигурност во сите сфери од човековото живеење. Но, јавноста особено ја загрижува опасниот насилен криминалитет, којшто во последно време е во значителен пораст на глобално ниво и влева страв и несигурност меѓу луѓето, поради секојдневните свирепи убиства, разбојништва, силувања и сл., каде што сѐ повеќе страдаат невини луѓе. Извршителите на вакви опасни криминални дејствија во најголем процент се лица со психопатско нарушување во однесувањето. Ова нарушување, денес се дијагностицира и како антисоцијално нарушување на личноста, коешто во основа претставува кршење на социјалните и законските норми, а основното нивно трајно обележје во меѓучовечката интеракција е виктимизација на други луѓе. Успешното откривање и попречување да се шири овој вид деструкција ни беше главниот мотив, пред сѐ, преку градење на криминална политика врз научна основа. Таквата криминална политика претставува посебна стратегија за борбата против криминалитетот, бидејќи криминогените фактори што ја условуваат неговата појава во разните области од животот дејствуваат со различен интензитет, а нивното совладување и отстранување секогаш бара специфичен пристап во зависност од тие односи. Може да се констатира дека во нашава држава постојат теориски и практични оправдувања да се извршат истражувања на вака насловениот проблем. Основната цел на овој труд е да се согледа состојбата и да се пронајдат посовремени приоди при иницирање на адекватни мерки и активности за откривање, за докажување и за превенирање на овие деликти.
**Клучни зборови:** кривично дело, силување, полициски службеници.

## 1. ВОВЕД

Дефинирањето на криминалитетот на насилство во криминолошката литература претставува огромен проблем. Овој проблем настанува како резултат на тешкотијата при одредувањето на предметот на овој вид криминалитет. Имено, криминолозите имаат различни критериуми и ставови за тоа кои дела и однесувања можат да се подведат под криминалитет на насилство. Денес, во рамките на агресивниот криминалитет (за жал) посебен простор заземаат и кривичните дела против половата слобода и половиот морал, а во рамките на нив и силувањата како најтежок облик на сексуално насилство. Силувањето, скоро секогаш предизвикува бурни реакции во јавноста. Тоа, предизвикува чувство на страв, вознемиреност и несигурност кај граѓаните и несомнено има негативно социолошко, криминолошко, но и пошироко општествено негативно значење и последици. Затоа, ова кривично дело е предмет на проучување на повеќе науки и од различни аспекти. Судската практика покажува дека постапката околу разјаснувањето и докажувањето на ова кривично дело е мошне сложена. Сторителот на ваквото кривично дело најчесто го порекнува делото и не покажува чувство на жал и каење, бидејќи актот на обљубата го објаснува како доброволен сексуален однос. Исто така, тој се поврзува со сведоците и врши силен психолошки притисок врз жртвата и нејзините блиски. Од овие причини, неопходно е да се пронајдат стратешки решенија на општествената реакција за намалување на насилниот криминалитет, а во тие рамки и за намалување на кривичното дело силување.

## 2. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ СИЛУВАЊЕ

Дефиницијата за силување, којашто може да се пронајде во кој било лексикон, гласи: физичко или психичко насилство со кое се присилува на полов однос. Според дејството на извршување, силувањето претставува сложено кривично дело составено од присилба и обљуба, односно друго полово дејство кое се јавува како специјален облик на делото присилба. Во оваа насока, сите автори се согласни во едно дека основа на криминалитетот на насилство е токму самото насилство, агресијата применета на физичка или психичка сила.[56]

Последиците кај жртвата по извршеното силување се повеќекратни. Тие можат да се поделат на физички и на психички. Физичките последици би биле: тешки телесни повреди, евентуална бременост, венерични заболувања, разни зарази, па дури и да се инфицира жртвата со вирусот на сида и сл. Психичките трауми се поврзани со нарушување на психичкото здравје. Кривичниот законик на Република Македонија, во посебна глава ги има систематизирано поведенијата коишто ги повредуваат или ги загрозуваат овие права. Со пропишаните кривични дела против половата слобода и морал, всушност се дава заштита на слободата на секој човек да стапува во полови односи по свое сопствено убедување, како и моралните аспекти при вршењето на сексуалните односи.[57] Успешното откривање и попречување да се шири овој вид деструкција ни беше главниот мотив, пред сè, преку градење на криминална политика врз научна основа. Таквата криминална политика претставува посебна стратегија за борбата против криминалитетот, бидејќи криминогените фактори што ја условуваат неговата појава во разните области од животот дејствуваат со различен интензитет, а нивното совладување и отстранување секогаш бара специфичен пристап во зависност од тие односи.

## 3. КРИМИНОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО СИЛУВАЊЕ

При објаснувањето на етиологијата на криминалитетот се поаѓа од т.н. мултифакторска теорија во криминологијата која овозможува етиологијата на криминалитетот да се согледа во нејзината целина, тргнувајќи од тоа дека криминалитетот првенствено е општествена, но и индивидуална негативна појава. Етиологијата на силувањата треба да одговори на следниве прашања: Кои се објективните или субјективните околности коишто го овозможуваат силувањето како поединечна и масовна појава? Зошто силувањата се случуваат во определена средина? и сл. Врз основа на расположливите податоци добиени

[56] Vidi kaj: F. Bacic, Opsti pogled na krivicno pravnu problematiku delikta nasilja, Zagreb, 2001, str. 3.; M. Boskovic, Kriminologija, Pravni fakultet, Novi Sad, 2007, str. 265 и Т. Кралев, Криминологија: преглед на основните поими, Студентски збор, Скопје, 2004, стр. 203.

[57] Службен весник на РМ, бр. 37/1996; 80/1999; 4/2002; 43/2003; 19/2004; 81/2005; 60/2006;73/2006; 7/2008; 139/2008; 114/2009; 51/2011; 135/2011; 185/2011; 142/2012; 166/2012; 55/2013; 82/2013; 14/2014; 28/2014; 115/2014; 132/2014; 160/2014 и 199/2014.

преку нашето истражување на феноменолошките карактеристики на кривичното дело силување, може да се изработи и профилот на силувачот и на жртвата на силувањето на територијата на Република Македонија. Па така, силувачот е лице од машки пол, на возраст од 18 до 40 години, државјанин на РМ, Македонец или Ром по националност (не исклучувајќи ги извршителите од албанска националност), со ниско ниво на образование, невработен – којшто делото го извршува самостојно и за кој не е од значење неговиот брачен и семеен статус, но со постоење на одреден процент на претходна осудуваност. Тој се познава со жртвата, која е од женски пол и понекогаш во критичниот момент била провокативна, кокетирала и со придонесувачко однесување кон делото. Етиологијата има две подрачја на проучување на личноста коишто органски се поврзани. Имено, тоа се општествените услови и културата на животот под влијание на различни сфаќања за вредностите и за судирите на вредностите како егзогена етиологија на криминалот и ендогената етиологија којашто го претставува процесот на криминализацијата, односно влијанијата на личните елементи и својства за одредена категорија на лица да се јавуваат како сторители на кривични дела. Личните и социјалните детерминанти на сторителите се рефлектираат преку социјалните услови и влијанија врз личноста да пројават во каков било степен криминална активност. Но, никогаш не треба да се согледуваат само надворешните влијанија и притоа да се занемарува самата субјективна страна на личноста.

## 4. ЖРТВАТА КАЈ КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА СИЛУВАЊЕ, НАСПРОТИ НАСИЛНАТА ПСИХОПАТСКА ЛИЧНОСТ

Под жртва на кривично дело се подразбира секое лице кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите права и интереси како последица на сторено кривично дело.[58] Забележливо е дека, во најголем број случаи на силување жртвата и извршителот се познавале и непосредно пред извршувањето на криминалното дејство, обајцата консумирале алкохол, кој пак директно влијаел за извршување на делото и за способноста на жртвата да се одбрани од извршувањето на делото. Општеството секогаш се соочувало со дилемата за тоа како да се справува со сексуалните престапници, коишто го повторуваат делото, чие однесување очигледно произлегувало од психолошки извори. Сексуалниот престапник кој го повторува делото, злоставувачот на деца, егзибиционистот, воајерот или сексуалниот убиец бил присутен во општеството пред модерните времиња; и серискaта природа на ваквите злосторства, како и општата загрозеност од нив, го направи решавањето на овој проблем главна грижа на законодавците. Во согласност со ова, специјалистите за ментално здравје го понудиле своето знаење за дијагноза и за лекување на ваков вид престапници. Така, од средината на 1930-тите години многу држави ја прифатиле понудата од психолозите и психијатрите и донеле разни закони за сексуални психопати, кои се однесувале на проценувањето и на лекувањето на сексуалните престапници. Познавањата на психолозите и на психијатрите биле веднаш прифатени, делумно како начин да се смири хистеријата на јавноста, која се појавила како резултат на некои брутални сексуални злосторства. Но, во почетокот на 1980-тите години оптимизмот се претворил во срам, бидејќи многу престапници, за кои било проценето дека може да се ослободат, сепак, продолжиле да прават криминални активности. И покрај благородните намери на законодавството и на специјалистите за ментално здравје, многу држави заклучиле оти сексуалните криминалци едноставно не можат да се лекуваат. Оттогаш лекувањето има секундарна улога, доколку воопшто има улога.[59]

## 5. РЕЗУЛТАТИ ОД ЕМПИРИСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

Со анкетен прашалник беа анкетирани вработени во Министерството за внатрешни работи, односно криминалисти коишто работат на расветлувањето и откривањето на сексуалното насилство, а во тие рамки и на кривичното дело силување. Вкупниот број анкетирани лица изнесуваше 62, а прашалникот содржеше 17 прашања. Од сите анкетирани, 4 беа со средна стручна подготовка, 8 со вишо образование, 47 со факултетско образование, а другите 3 беа магистри на науки. Возрасната граница се движеше од 27 до 55 години. Од анкетираните полициски службеници, може да се констатира дека 52 беа со работно искуство од 5 до 20 години, а 9 од 2 до 3 години. Од ова може да се заклучи дека на ваквата проблематика работеле прилично искусни криминалисти, коишто дадоа валидни одговори на прашањата од анкетата. Исто така, 55

[58] Види: Закон за кривичната постапка, Сл. весник на РМ, бр. 150/2010, чл. 21.
[59] Форензика – вовед во научни и истражни техники, уредници: Стјуарт Х. Џејмс/Џон Џ. Норби, Табернакул, Скопје, 2009, стр. 575.

испитаници одговориле дека дополнителното образование (поврзано со поуспешното справување со овој општествено-негативен феномен) го добиле преку обука на семинари и работилници, како во државава, така и во странство, а 7 испитаници преку другите форми на дополнително образование (универзитетско, студиски престој во странство, стручно образование во странство и сл.).

Одговорот на анкетираните по прашањата од анкетниот прашалник е како што следува:

- Според одговорот на прашањето, бр. 1: Дали извршителот на кривчното дело силување претходно ја познавал жртвата и во какви статусни релации биле тие? (графикон 1), се добиени резултати кои укажуваат дека односот меѓу жртвата и извршителот може да биде двостран: се познавале пред извршувањето на силувањето, односно не се познавале и пред силувањето меѓу нив немало никаков контакт. Криминалистичко-оперативната практика, бележи и случаи кога сторителот претходно ја пронаоѓа и ја одбира жртвата, најчесто следејќи ја до каде што живее, па доколку му се даде можност, користи изненадување така што доаѓа пред вратата на станот, претставувајќи се како лице коешто дава некакви услуги, влегува во станот и со примена на сила и закана врши обљуба.
- Од второто прашање (графикон 2): Во кој дел од денот и во седмицата најчесто се извршува кривичното дело силување?, може да се констатира следново: во однос на времето на извршувањето, најголемиот број испитаници сметаат дека овој вид на кривично дело се извршува ноќе, односно дека станува збор за т.н. ноќен криминалитет. А, во однос на денот, повеќето од испитаниците одговориле дека овој вид криминалитет најчесто се извршува за време на викендот.




Графикон 1
Извршителот на кривчното дело
силување претходно ја познавал жртвата




Графикон 2
Дел од денот и седмицата во кој
најчесто се извршува кривичното дело силување

- Одговорите на третото прашање, претставени во табела 1: На кое место најчесто се извршува кривичното дело силување?, насочуваат кон сознанието дека кривичното дело силување, најчесто се извршува во затворен простор (стан на жртвата, стан на сторителот) и во возило. Од затворениот простор најмногу доминира станот на жртвата и станот на сторителот. Ова укажува на фактот дека силувањето најчесто се извршува во населени места. Кога станува, пак, збор за силувањето во возило, доминира становиштето дека тоа се прави во возилото на извршителот. Кога силувањата се извршуваат на отворен простор, скоро подеднакво се застапени размислувањата на испитаниците, а тоа се парковите и шумите. Но, според досегашната криминалистичка практика, силувањата се вршат и во мрачни улици, во подруми, на скали, во лифтови, викендички, кајчиња и сл.

Табела 1: Место на кое најчесто се извршува кривичното дело силување

| | секогаш | понекогаш | никогаш | без одговор |
|---|---|---|---|---|
| **1. На отворен простор** | | | | |
| **А) во парк** | **12** | **32** | **4** | |
| **Б) во шума** | **10** | **24** | **0** | |
| **В) во поле** | **4** | **20** | **2** | |
| **2.Затворен простор** | | | | |
| **А) стан (на жртвата)** | **22** | **22** | **0** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Б) стан (на сторителот)** | **16** | **26** | **0** | |
| **В) хотел** | **0** | **14** | **4** | |
| **Г) студентски (ученички) дом** | **4** | **12** | **4** | |
| **Д) болница или друга јавна установа** | **0** | **0** | **4** | |
| **Ѓ) на работно место** | **0** | **12** | **6** | |
| **3. Во возило** | | | | |
| **А) сопствено (на жртвата)** | **2** | **12** | **0** | |
| **Б) возило на сторителот** | **16** | **30** | **0** | |
| **В) во воз** | **2** | **2** | **8** | |
| **Г) во друг јавен превоз** | **2** | **4** | **6** | |
| **4. На друго место** | **4** | **18** | **6** | |

- Четвртото прашање: Каков е придонесот на жртвата за извршувањето на кривичното дело силување? (графикон 3), дава одговор на основата или поттикот за кривичното дело. Оттука, може да се констатира дека придонесот на жртвата кон извршувањето на кривичното дело силување е прилично голем, а дејствието е проследено со консумирање алкохол или дрога.
- Во однос на петтото прашање, колкав е бројот на изршителите во конкретен случај на овој деликт?, несомнена е констатацијата дека најчесто тоа е едно лице, а понекогаш извршителите имаат соучесник (графикон 4). Ваквите резултати се совпаѓаат и со резултатите од определени претходни истражувања, спроведени во Република Македонија.




Графикон 3
Придонесот на жртвата за извршувањето
на кривичното дело силување




Графикон 4
Бројот на изршители во конкретен случај
на кривично дело силување

- Шестото прашање ја оценува темната бројка кај кривичното дело силување, а добиените податоци се прикажани на графикон 5. И покрај ваквите резултати, сепак нашиот став е дека темната бројка кај овој вид кривично дело е многу висока. Ваквиот став се темели врз резултатите од претходни истражувања, како во РМ, така и во светот. Така, според извештај на ФБИ, од десет извршени силувања полицијата добива сознанија само за едно. Имено, жртвата не го пријавува извршеното дело од разни мотиви.
- На прашањето, бр. 7: Каде се наоѓаат најчесто материјалните траги од кривичното дело силување?, се добиени резултати кои се прикажани на графикон 6. Според испитаниците материјалните траги, коишто најчесто се среќаваат кај силувањето треба да се бараат на телото на жртвата, на облеката на жртвата, на лице местото и кај сторителот. Ваквото становиште е сосема исправно, пред сè, заради фактот што се работи за контактно кривично дело. Имено, се работи за траги од насилството, од половиот однос и контактни траги, а според облиците на манифестација може да бидат видливи и микротраги. Доколку сторителот применил телесна сила, а жртвата дала физички отпор, можно е настанување на траги во вид на модринки и повреди, кои се адекватни на тапа сила. Трагите во вид на гребнатинки, најчесто се наоѓаат во пределот на бутините, половите органи и на стомакот. Исто така, при барање на материјални траги, посебен предмет на истражување треба да биде облеката на жртвата и на сторителот, како што се: сперма, вагинален секрет, крв, влакна и сл. Вниманитето треба да се насочи и кон пронаоѓање на траги од земја, билки, ткаенини и сл.




Графикон 5
Темната бројка кај кривичното дело силување




Графикон 6
Најчесто место со материјалнит траги од кривичното дело силување

- Кога станува збор за соработката на полициските служби со останатите релевантни фактори при расветлувањето на кривичното дело силување, според одговорите на испитаниците дадени во прашањето бр. 8 и прикажани на графикон 7, тие најчесто соработуваат со Институтот за судска медицина и криминалистика, како и со обвинителот, со медицинските екипи, со очевидците и сл. Со Институтот тоа го прават од причини што очекуваат помош во анализата на биолошките траги, со јавниот обвинител околу доказите коишто треба да се собираат, со медицинските екипи заради давање помош при смирувањето на жртвата, за да може да даде таа информации важни за истрагата и со очевидците заради давање информации за сторителот.
- На прашањето, зошто се отфрлаат кривичните пријави за ваквите дела?, испитаниците се изјасниле на следниов начин: поради недостиг на доволно проверени податоци, поради недоволна стручност на оние кои што ги расветлуваат овие кривични дела, поради појавена потреба од заштита на идентитетот на жртвата и на крај, поради појавени врски во постапката..? Графиконот 8 ја покажува висината на одговорите според нивната бројност.




Графикон 7
Соработката на полициските служби со останатите релевантни фактори при расветлувањето на кривичното дело силување




Графикон 8
Зошто се отфрлаат кривичните пријави за ваквите дела

- На графиконот 9 се претставени одговорите на испитаниците во однос на прашањето: Доколку има пропусти при изработката на кривичната пријава, на што тие најчесто се должат? Од одговорот на ваквото прашање може да се заклучи дека поголемиот дел од криминалистите, коишто се задолжени за откривање на овој вид деликти, признаваат дека прават пропусти при планирањето на криминалистичко-оперативната дејност. Планирањето претставува систем на стандардизирани методи и постапки за откривање и за разјаснување на кривичните настани, спроведување анализи на фактичката состојба итн.




Графикон 9
На што се должат пропустите при
изработката на кривичната пријава

## 6. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Врз основа на резултатите од теоретските согледувања, како и врз основа на разултатите од емпириското истражување, може да се дадат следниве заклучоци и препораки коишто се насочени кон предметот на трудот и кон неговата општествена и практична цел:

- во иднина да се обрне поголемо внимание на доследното проучување на криминолошките и на криминалистичките карактеристики од страна на полициските службеници и правосудните органи;
- да се согледа личноста на сторителите на кривичното дело силување, но и секогаш да се настојува да се објаснат и виктимолошките карактеристики на жртвата со своите својства и односот кон сторителот и нејзиното придонесувачко поведение. Ова е значаен криминоген фактор и при појавата на овој облик на деструктивно однесување;
- вклучување на научни институции за целосно и продлабочено мултидисциплинарно изучување на силувањата, а со цел доаѓање до поегзактни резултати за феноменолошките детерминанти, но и за превенцијата од овој вид деликти преку современ ситем за едукација;
- да се подобри меѓуагенциската соработка, особено преку партнерствата меѓу локалните совети, градските планери, менаџерите на локалните службеници, како и такси и автобуски компании;
- во делот на репресивните мерки, неопходно е брзо и широко модернизирање на правосудните органи за да можат поуспешно да ги решаваат проблемите коишто произлегуваат од криминалитетот воопшто, а во тие рамки и за ваквите кривични дела;
- во рамките на казнената политика, подобрување на ригорозноста при изрекувањето на казните, што би имало несамо репресивен, туку и превентивен ефект;
- да се обезбеди примена на психолошки инструменти, специјализирани за затворската популација, како и нивна претходна стандардизација за Република Македонија. Во оваа насока, да има спроведување на редовни и специфични програми за третман на лица коишто издржуваат казна затвор.

.

## ЛИТЕРАТУРА

1. Арнаудовски Љ., Криминологија, Скопје, 2007.
2. Арнаудовски Љ., Криминолошки пристап кон деликтите на насилство, Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр. 1, Скопје, 2013.
3. Бачановиќ О., Полицијата и жртвите, Скопје, 1997.
4. Блажевска-Андоновска В., Основни криминолошки и криминалистички карактеристики на кривичното дело силување – реализирано истражување на територијата на РМ во период од 1990 до 2000 година, Скопје, 2008.
5. Bacic F., Opsti pregled na krivicno pravnu problematiku delikta nasilja, Zagreb, 2001.
6. Boskovic M., Kriminologija, Pravni fakultet, Novi Sad, 2007.
7. Велкова Т., Семејното насилство – превенција и сузбивање, Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр. 1, Скопје, 2013.

8. Груевска-Дракулевски А., Семејното насилство во Република Македонија, Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр.1, Скопје, 2013.
9. Деаноска-Трендафилова А., Истанбулската (CAHVIO) конвенција и казненоправната заштита на децата од сексуално насилство, Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр.1, Скопје, 2013.
10. Камбовски В. и Тупанчески Н., Казнено право – посебен дел, петто, изменето и дополнето издание, Скопје, 2011.
11. Кралев Т., Криминологија: преглед на основните поими, Студентски збор, Скопје, 2004.
9. Котески В., Криминалистички карактиристики на кривичното дело силивање, со посебен осврт на подрачјето на град Скопје од 2003 до 2008 година, магистерски труд, Факултет за безбедност, Скопје, 2010.
10. Мијалковска Д., Методот на криминалистичко профилирање – профилирање на сторителот на кривичното дело убиство во Република Македонија, магистерски труд, Факултет за безбедност, Скопје, 2015.
11. Мојаноски Ц. и соработниците, Положбата на осудените лица во пенитенцијарните установи во Македонија – истражувачки извештај, Факултет за безбедност, Скопје, 2014.
12. Новотни Љ., Судска психијатрија, Скопје, 1998.
13. Стјуарт Х. Џејмс/Џон Џ. Норби (уредници), Форензика – вовев во научни и итражни техники, Табернакул, Скопје, 2009.
14. Џуклески Г., Вовед во криминалистиката (универзитетски учебник), Скопје, 2009.